Врз основа на член 71 од Статутот на Универзална Инвестициона Банка АД Скопје, Управниот одбор на Банката на ден 30.04.2024 година ја донесе следната:

# **О Д Л У К А**

за измена и дополнување на Тарифата на надоместоци на Универзална Инвестициона Банка АД Скопје

Се менува и дополнува Тарифата на надоместоци на Универзална Инвестициона Банка АД Скопје, со следното:

1. Се воведува нов поднаслов во Тарифата со реден број 9.7 и две нови ставки во истиот со број 9.7.1 и 9.7.2 кои гласат:

| Тарифен Број | Опис | Надоместок |
|---|---|---|
| 9.7 | **Надоместоци на банкомати на УНИБанка за картички издадени од други даватели на платежни услуги од странство** | |
| 9.7.1 | Подигнување готовина со картички издадени од други даватели на платежни услуги од странство (бренд Mastercard и Visa), на банкомати на УНИБанка | 320 мкд |
| 9.7.2 | Подигнување готовина со картички издадени од други даватели на платежни услуги од странство (бренд Mastercard и Visa), на банкомати на УНИБанка во MoneyGet мрежа | 500 мкд |

Образложение за промената: Согласно законската регулатива надоместокот треба да биде објавен во тарифата.

2. Се менува точка под реден број 6.6.8 - Надоместок за протест на гаранција и истата гласи:

| Тарифен Број | Опис | Стар Надоместок | Нов Надоместок |
|---|---|---|---|
| 6.6.8 | Надоместок за протест на гаранција | 3.000 МКД | 6.000 МКД |

Образложение за промената: Пазарни услови.

3. Се менува точка под реден број 2.2.1 став а. Месечен надоместок за одржување на платежна сметка без месечен промет во МКД, во износот на надоместокот од без надоместок на 300 мкд и вооедно се врши дополнување во описот со додавање на “со позитивно салдо на крајот на месецот за кој се пресметува надоместокот”. Точката гласи:

| Тарифен Број | Опис | Стар Надоместок за сметка во МКД | Нов Надоместок за сметка во МКД |
|---|---|---|---|
| 2.2.1 став а) | Месечен надоместок за одржување на мкд платежна сметка на која нема евидентирано промет, со позитивно салдо на крајот на месецот за кој се пресметува надоместокот | Без надоместок | 300 МКД |

Образложение за промената: Пазарни услови.

Оваа Одлука стапува на сила на денот на донесувањето.

Точките 1, 2 од оваа Одлука ќе почнат да се применуваат од 01.05.2024 година, а Точката со реден број 3 ќе почне да се применуваат од 15.07.2024 година.

Одлуката се доставува до сите дирекции, експозитури и архивата на Банката.
Одлука да се објави на интернет страната на Банката и за истата да се известат клиентите на начинот уреден во актите на Банката.

УО. број:0202/2-43/2024
30.04.2024 година

УПРАВЕН ОДБОР

УНИВЕРЗАЛНА ИНВЕСТИЦИОНА БАНКА АД
СКОПЈЕ
1